Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА
ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0307-1071/1
12.10. 2021 год
СКОПЈЕ

Друштво за внатрешна и надворешна трговија, застапување и услуги
МЕДЕКС ФАРМ ДООЕЛ
Бр. 087/21
14.10. 2021 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
**за јавна набавка на стоки**
**Оглас: 15235/2021**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **ЈЗУУ Клиника за Неврологија Скопје**, ул. Водњанска бр.17, Скопје застапувана од Мед-Директор Д.р- Иван Барбов и Орг-Директор Д-р.Аљајдин Хавзиу од една страна и
2. **МЕДЕКС ФАРМ ДООЕЛ - Скопје**, адреса: ул. „Јордан Мијалков" бр.46/8, 1000 Скопје со ЕМБС **6928811** застапуван(о) од Управител: Одговорно лице: Дејан Зиковски ,

(во понатамошниот текст Носител на набавката - Добавувач) од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој Договор за јавна набавка се стоки **Лек-Enoxaparin.**
**ДЕЛ-1:Количина – 5000 парчиња** enoxaparin 2000 IE (20mg)/0.2 ml (раствор за инјектирање).
**ДЕЛ-2:Количина – 10000 парчиња** enoxaparin 4000 IE (40mg)/0.4 ml (раствор за инјектирање).
По делови,според техничка спецификација дадена во тендерска документација и прифатената понуда на добавувачот која е составен дел на овој договор.

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик. Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

**Вкупна цена на стоките за Дел-1:** 519.950,00 денари без ДДВ,
ДДВ: 25.997,50 денари,
Вкупна цена со ДДВ: 545.947,50 денари.
**Вкупна цена на стоките за Дел-2:** 1.979.900,00 денари без ДДВ,
ДДВ: 98.995,00 денари,
Вкупна цена со ДДВ: 2.078.895,00 денари.

**Вкупно за Дел-1 и Дел-2: 2.499.850,00 денари без ДДВ,**
**Вкупно ДДВ: 124.992,50 денари,**
**Вкупна цена со ДДВ: 2.624.842,50 денари.**

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Договорот се склучува за период од една година со важност од 365 дена. Договорот ќе се смета за склучен со потпишување од двете договорени страни.

## VI. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА УСЛУГИТЕ

**Член 5**

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот во рок од **7** дена од денот на доставеното требување на медицинското средство за тој месец во Аптеката на ЈЗУУ Клиника за Неврологија - Скопје, по месечни требувања од клиниката , да го има на лагер постојано. Договорниот орган го задржува правото да не ја нарача целокупната количина која е предмет на договорот.